Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

15. 10. 2025 година

Архивски број : 67-5010/8

СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18) и („Сл. Весник на Р.С. Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), како и член 8 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 45/11), Министерот на Министерството за транспорт организира

ЈАВЕН УВИД И КОНСУЛТАЦИЈА СО ЈАВНОСТ ПО
Нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10 MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино

Се известуваат граѓаните, правните и физичките лица дека се организира Јавна расправа и Јавен увид за Нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10 MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино.

Јавната расправа на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 04.11.2025 година (вторник) во 13:00 часот, во просториите на општина Неготино.

Решението за спроведување Стратегиска оценка на влијание врз животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10 MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино е издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање со број 15-2803/4 од 16.09.2025 година.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10 MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино, беше објавен на 15.08.2025 на web страната на Министерството за транспорт (www.mtc.gov.mk) и може да се погледне на следниов линк:
https://mtc.gov.mk/mk-MK/ureduvanje-na-prostorot/sozzs/nacrt-izvestaj-za-sea-za-uppgdz-energetski-kompleks-10-mw-ko-dubrovo-ko-timjanik-negotino

Министерството за транспорт ја информира заинтересираната јавност дека од 16.10.2025 до 16.11.2025 година сите заинтересирани можат да ги доставуваат своите забелешки, мислења и сугестии до Министерството за транспорт, ул. Плоштад Црвена Скопска општина бр. 4, 1000 Скопје или по електронски пат на електронските адреси на Министерството за транспорт:
vesna.markovska@mtc.gov.mk и
daniela.despotovska-sekovska@mtc.gov.mk

МИНИСТЕР

АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Изработил:
Даниела Деспотовска Сековска, диа
Одобрил:
Илина Лалкова, диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот:


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk